Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 03/0306
26.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од „Хелсинишки комитет за човекови права“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Телевизија „Телма“, со текстот насловен „Сведочење на матичната лекарка: Тамара починала од пневмонија“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 17 јануари 2020 година, граѓанското здружение „Хелсиншки комитет за човекови права“ поднесе жалба за текстот со наслов „Сведочење на матичната лекарка: Тамара починала од пневмонија“, објавен на 17 јануари 2020 година, на веб – страницата на телевизија „Телма“ (www.telma.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и го нарушува принципот на презумпција на невиност и заштита на сведоци.

Според подносителот на жалбата, насловот на текстот не соодветствува со неговата содржина.

*„Имено, насловот погрешно ја информира јавноста за тоа што го изјавил сведокот на рочиштето, односно, неговата изјава е извадена од контекст, а со цел да послужи за поголема читаност на веста, објавена на медиумот“,* посочуваат од „Хелсиншкиот комитет за човекови права“.

Од граѓанското здружение, во дополненително појаснување, потенцираат дека целта на поднесената претставка е да се смени насловот во согласност со содржината на веста и, на тој начин, да се покаже вистинската, односно фактичката состојба, како што е опишана во текстот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт Телевизија „Телма“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Авторот на текстот, Билјана Николовска, одговори на наводите на жалбата.

Николовска ја отфрла жалбата како неоснована и смета дека ТВ Телма ги испочитувала сите новинарски и етички стандарди, без притоа да се стави во заштита на ниту една засегната страна во текстот. Таа појаснува дека насловот е само извадок на дел од исказ на еден од сведоците кои не се заштитени. Новинарката посочува дека во нејзиниот текст се пренесуваат сведочења на двајца сведоци на рочиштето, на кое присуствувал и новинар – репортер на медиумот.

*„Не е точно ниту дека се работи за нефер известување. Цитирани се буквално двете за сегнати
страни. Од една страна адвокатот на чиј предлог се повикани сведоците, а кој е бранит*

*ел на една од обвинетите во процесот. И од друга страна е цитирана мајката на почина тото девојче, која е оштетена во процесот“,* велат од ТВ Телма во одговорот на жалбата.

Од ТВ Телма, меѓу другото, додаваат дека судскиот процес поврзан со смртта на Тамара Димовска е од особен јавен интерес, кој што Телевизијата го следела од самиот почеток и без никакви намери за сензационализам и публицитет.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 11 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи текст од широк јавен интерес, кој обработува сензитивна тема што предизвика силни реакции и емоции во јавноста.

Содржината на самиот текст, во основа, е коректна и пренесува сведочења од судење, поврзани со причините за смртта на девојчето Тамара. Текстот е избалансиран, а авторот опфатил и согледал повеќе значајни аспекти за темата, пренесувајќи ставови на матичната лекарка, на вработена во велешката болница, на адвокат на одбраната, како и на мајката на починатото девојче.

Но, и покрај сеопфатноста на новинарскиот производ, од друга страна, Комисијата констатираше дека насловот на текстот не соодветствува во целост со неговата содржина, создава конфузија и нуди контрадикторна информација. Имено, во самиот текст се вели дека матичната лекарка за причините на смртта на девојчето дознала од медиумите, додека, сосема спротивно на тоа, од насловот, се добива впечаток дека причината за смртта е лично тврдење и став на лекарката:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***Сведочење на матичната лекарка: Тамара починала од пневмонија (наслов)**

*Последен пат девојчето Тамара Димовска кај матичен лекар било однесено половина година пред да почине. Ова го сведочеше нејзината матична лекарка Розета Босилкова. **Од медиуми разбрала дека причина за смртта била пневмонија. (дел од текст)**

Оттука, Комисијата најде дека во текстот објавен на веб-страницата на „Телма“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, кој упатува на потребата од максимална точност на информацијата. Со вака поставениот наслов, читателите можат да стекнат погрешен впечаток за деталите кои биле изнесени во судницата и да бидат доведени во заблуда. Насловот или најавата на прилогот мора да одговара на неговата содржина, а новинарот секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или извадоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот.

Комисијата за жалби, на крајот, се согласи дека ТВ Телма во текот на целиот серијал прилози и текстови поврзани со смртта на Тамара известувала професионално и посветено и дека токму авторката на оспорениот текст беше меѓу првите новинари кои го покренаа случајот во јавноста и интензивно информираа за истиот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Телма (www.telma.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595